Република Македонија
**Министерство за животна средина**
**и просторно планирање**

[redacted]

Архивски бр. 11-3698/4
Дата: 06.08.2012

Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно планирање

Бул."Гоце Делчев" бр. 8
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.mk

До: Кабинет на министерот
Министер, Abdilaqim Ademi
- Тука

Предмет: Достава на извештај од Комисијата за изработка на извештајот на соодветноста на Студијата за ОВЖС за проектот - брана и акумулација "РЕЧАНИ" со придружни објекти (дел од хидросистемот Оризарска река) во општина Кочани

Почитуван г-ин Министер,

Во прилог Ви го доставуваме извештајот на Комисијата за изработка на извештајот на соодветноста и образецот од извештајот за соодветноста на студијата за оцена на влијанието врз животната средина за проектот - брана и акумулација "РЕЧАНИ" со придружни објекти (дел од хидросистемот Оризарска река) во општина Кочани, за потребите на инвеститорот Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, изготвени од Комисијата за изработка на извештајот за соодветноста на студијата за оцена на влијанието врз животната средина на проектот - брана и акумулација "РЕЧАНИ" со придружни објекти (дел од хидросистемот Оризарска река) во општина Кочани.

Со почит,

Изготвиле: Влатко Цветаноски
Хусни Тачи
Проверил: м-р Зоран Бошев

**УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА**
**ДИРЕКТОР**
**Филип Иванов**

Прилог:

- Извештајот на комисијата;
- Образец од извештајот за соодветноста на студијата за оценка на влијанието врз животната средина на проектот - брана и акумулација "РЕЧАНИ" со придружни објекти (дел од хидросистемот Оризарска река) во општина Кочани

Република Македонија
**Министерство за животна средина**
**и просторно планирање**

[redacted]

Архивски бр. 11-3698/4
Дата: 06.08.2012

Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно планирање

Бул."Гоце Делчев" бр. 8
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.mk

До : Кабинет на министерот
Министер, Abdilaqim Ademi
- тука

**Предмет:** Заклучок на Извештај за соодветноста на Студијата за оценка на влијанието врз животната средина за проектот - брана и акумулација "РЕЧАНИ" со придружни објекти (дел од хидросистемот Оризарска река) во општина Кочани, за потребите на инвеститорот Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство

Почитуван г-дин Министер,

Врз основа на член 86 став 1 од Законот за животна средина ("Службен весник на Република Македонија" бр. 53/2005, 81/2005, 24/2007, 159/2008, 83/2009, 48/2010, 124/2010 и 51/2011) и член 4 од Правилникот за формата, содржината, постапката и начинот за изработка на извештајот за соодветноста на Студијата за оценка на влијанието на проектот врз животната средина ("Службен весник на Република Македонија" бр. 33/2006), Комисијата за изработка на извештајот за соодветноста на Студијата за оценка на влијанието врз животната средина на проектот - брана и акумулација "РЕЧАНИ" со придружни објекти (дел од хидросистемот Оризарска река) во општина Кочани, за потребите на инвеститорот Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, на ден 10.07.2012 година изготви

[redacted]

Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно планирање

Бул."Гоце Делчев" бр. 8
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.mk

# ИЗВЕШТАЈ

за соодветноста на Студијата за оценка на влијанието врз животната средина на проектот - брана и акумулација "РЕЧАНИ" со придружни објекти (дел од хидросистемот Оризарска река) во општина Кочани

1. Комисијата за изработка на извештајот за соодветноста на Студијата за оценка на влијанието врз животната средина, за проектот - брана и акумулација "РЕЧАНИ" со придружни објекти (дел од хидросистемот Оризарска река) во општина Кочани, врз основа на Студијата за оценка на влијанијата врз животната средина изработена од страна на консултантскиот тим на "ДЕКОНС - ЕМА" ДОО од Скопје, со назначено одговорно лице Менка Спировска, за потребите на инвеститорот Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, со седиште на ул. "Јуриј Гагарин" бр. 15, Скопје, оцени дека со предлог проектот инвеститорот предвидува да започне со изградба на брана и акумулација "РЕЧАНИ" со придружни објекти (дел од хидросистемот Оризарска река) во општина Кочани. Целта на проектот - изградба на брана и акумулација "Речани" е да се унапреди управувањето со водни ресурси на Оризарска река, водоснабдување на 80.000 жители од кочанскиот и виничкиот регион, за наводнување на нови 240 хектари обработливи површини од Оризарско и Прибачевско Поле, како и производство на електрична енергија преку три мини хидроцентрали. Со изведба на проектот - брана и акумулација "РЕЧАНИ" исто така ќе се обезбеди:

1. Квалитетно водоснабдување на населението и индустријата во четири општини кои гравитираат во овој регион: Кочани, Виница, Чешиново - Облешево и Зрновци;
2. Наводнување со зголемена доверливост на површини погодни за интензивно земјоделско производство;
3. Производство на електична енергија;
4. Оплеменување на малите води;
5. Заштита од поплавни води;
6. Развој на туризам, спорт и рекреација;

[redacted]

Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно планирање

Бул."Гоце Делчев" бр. 8
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.mk

Хидросистемот Оризарска река е комплексен систем, составен од повеќе подсистеми од кои секој претставува независна градежна целина. Предмет на оваа Студија се првите три фази од реализација на ХС "Оризарска река" кои вклучуваат:

- изведба на пристапен пат до профилот Речани со должина од околу 5,5 km;
- изведба на хидројазел Речани составен од браната Речани на Оризарска река со придружни објекти: опточен тунел со узводен загат, преливен орган и темелен испуст;
- создавање на акумулацијата (вештачко езеро).

Проектот планирано е да биде спроведен на подрачјето на општините Кочани, Виница, Чешиново – Облешево и Зрновци и ќе ги собира водите од Бела Река и Црна Река. Во Студијата за ОВЖС предложени се и мерки за намалување на влијанието на проектот врз животната средина.

Во Студијата анализирани се можните влијанија во фаза на изградба и оперативна фаза од: топографија, геологија, хидрогеологија површински и подземни води, воздух, вода, почва, ерозија, бучава, отпад, флора и фауна, предел и визуелни ефекти, социјални елементи на животната средина, археолошко и културно историско наследство и кумулативни влијанија. Аналогно на анализираните можни влијанија предвидени се мерки за намалување на влијанијата во глава 6 од Студијата за ОВЖС и изготвен е План за мониторинг на животната средина во глава 7.

2. Комисијата за изработка на извештајот за соодветноста на Студијата за оценка на влијанието врз животната средина на проектот - брана и акумулација "РЕЧАНИ" со придружни објекти (дел од хидросистемот Оризарска река) во општина Кочани, му предлага на Министерот за животна средина и просторно планирање да издаде решение со кое се дава согласност на барањето за спроведување на проектот - брана и акумулација "РЕЧАНИ" со придружни објекти (дел од хидросистемот Оризарска река) во општина Кочани, во согласност со предложените мерки за спречување и намалување на штетните влијанија врз животната средина и природата.

Со почит,

Република Македонија
**Министерство за животна средина**
**и просторно планирање**

[redacted]

**Комисија:**

1. м-р Зоран Бошев
2. Влатко Цветаноски
3. Хусни Тачи
4. Илбер Мирта
5. м-р Валериј Пенев
6. Фатос Балиу
7. м-р Сашко Јорданов

Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно планирање

Бул."Гоце Делчев" бр. 8
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.mk

Прилог:

- Образец од Извештајот за соодветноста на студијата за оценка на влијанието врз животната средина за проектот - брана и акумулација "РЕЧАНИ" со придружни објекти (дел од хидросистемот Оризарска река) во општина Кочани;